Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто и деведесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 10 октомври 2023 година**

**Скопје, октомври 2023 година**

# З А П И С Н И К
## од Сто и деведесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 октомври 2023 година

Седницата започна во 12:50 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, како и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваам-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана,Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии,м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Викторија Аврамовска - Мадиќ, заменик на министерот за правда, д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф. д-р Маја Манолева, заменик на министерот за здравство и м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија,нотар Анета Петровска Алексоваи Марија Филева, од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствушем-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи,м-р Кренар Лога, министер за правда,Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,д-р Фатмир Меџити, министер за здравство ид-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- **Усвојување на Записникот од 187-та седница на Владата, одржана на26септември 2023 година**

- **Усвојување на Записникот од 188-та седница на Владата, одржана на 28септември 2023 година**

- **Усвојување на Записникот од 192-та седница на Владата, одржана на 9октомври 2023 година**

**Пред преминување на Дневен ред:**

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

  - **Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Кластер 5 - Ресурси, земјоделство и кохезија, Поглавје 33 Финансиски и буџетски одредби, со Предлог - листа и прилози**

  - **Информација за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 11-Земјоделство и рурален развој од Кластер 5-Ресурси, земјоделство и кохезија, со прилози**

  - **Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 13 - Рибарство од Кластер 5 - Ресурси, земјоделство и кохезија, што ќе се одржи на 26 и 27 октомври 2023 година во Брисел, со прилози**

  - **Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 19-Социјална политика и вработување од Кластер 3 - Конкурентност и инклузивен раст, со Нацрт -записник**

  - **Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 25 Наука и истражување од Кластер 3 - Конкурентност и инклузивен раст, со прилог**

  - **Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 26 Образование и култура од Кластер 3 - Конкурентност и инклузивен раст и преземени обврски**

1. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Јавна здравствена установа Здравствен дом на Скопје - Скопје)

2. Предлог-одлуказа давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Институт за медицина на трудот на Република Северна Македонија)

3. Информација за Барање на согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на фотонапонски електроцентрали во ТИРЗ Скопје 1, ТИРЗ Скопје 2, ТИРЗ Штип, ТИРЗ Струмица, ТИРЗ Прилеп и ТИРЗ Струга бр.02-

1409/5 од 3 октомври 2023 година и потребата од донесување на Одлука за престанување на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на фотонапонски електроцентрали во ТИРЗ Скопје 1, ТИРЗ Скопје 2, ТИРЗ Штип, ТИРЗ Струмица, ТИРЗ Гевгелија, ТИРЗ Прилеп и ТИРЗ Струга, објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.17/23, со предлог-одлуки

4. Информација во врска со Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги Текнопанел ДОО Илинден со бр.13-1511/1 од 18.11.2022 година, со Предлог-одлука

5. Информација на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за Барање на согласност на Одлуката за поништување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на Технолошко-индустриска развојна зона Гевгелија бр. 02-1409/3 од 3 октомври 2023 година и Барање на согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на ТИРЗ Гевгелија бр.02-1409/4 од 3 октомври 2023 година, со предлог-одлуки

6. Информацијаза продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање (запишан во Имотен лист бр.16375, КП бр.2424 дел 23, КО Центар 2), со Предлог-одлука

7. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука (запишан во Имотен лист бр.16375, КП бр.2424 дел 23, КО Центар 2)

8. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање (запишан во Имотен лист бр.16375, КП бр.2424 дел 23, КО Центар 2), со Предлог-одлука

9. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр. 03-563/1)

10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА) (*), по скратена постапка

11. Предлог на закон за административни службеници, по скратена постапка

12. Предлог на закон за вработените во јавниот сектор, по скратена постапка

13. Предлог-програма за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на казнено-поправните и воспитно-поправните установи за 2023 година

14. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/964 на Советот од 15 мај 2023 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/797 за рестриктивни мерки против сајбер напади кои претставуваат закана за Унијата или нејзините земји членки

15. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/1467 на Советот од 14 јули 2023 година за изменување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Сирија и Регулативата (ЕУ) 2023/1462 на Советот од 17 јули 2023 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 36/2012 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Сирија

16. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/1514на Советот од 20 јули 2023 година за ажурирање на списокот на лица, групи и

субјекти кои подлежат на членовите 2, 3 и 4 од Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП за примената на посебни мерки за борба против тероризмот и за укинување на Одлуката (ЗНБП) 2023/422 и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/1505 на Советот од 20 јули 2023 година за спроведување на член 2 (3) од Регулативата (ЕЗ) бр. 2580/2001 за посебни рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти со цел борба против тероризмот и за укинување на Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/420

17. Информација за подготовка на национални акциски планови за образование, вработување и социјална инклузија, домување, здравство, граѓанска регистрација, антициганизам и култура, со национални акциски планови

18. Информација за спроведување на повеќегодишна групна јавна набавка за изградба на Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост во Општина Кавадарци

19. Информација за отпочната дополнителна арбитражна постапка по однос на раскинување на Договорот за изведба на градежни работи на Универзитетски клинички центар „Мајка Тереза", Скопје бр. RHPI-II-ICB-002-16, со арх. бр. 20-74/34 од 19.5.2017 година

20. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за проширување за дејноста на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Кичево за спроведување специјалистичко-консултативна здравствена заштита на секундарно ниво од областа на медицината на трудот

21. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за доградба на училишен објект во ООУ Ацо Шопов, Општина Бутел, како и услуги за вршење на стручно-технички надзор врз доградба на училишен објект воООУ Ацо Шопов, Општина Бутел

22. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за доградба на ООУ Александар Урдаревски во Општина Чучер Сандево, како и услуги за вршење на стручно-технички надзор врз доградбата на ООУ Александар Урдаревски во Општина Чучер Сандево

23. Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за реконструкција на кровна конструкција на ООУ „Истикбал" село Гајре, Општина Тетово, како и услуги за вршење на стручно-технички надзор врз реконструкција на кровна конструкција на ООУ „Истикбал", село Гајре, Општина Тетово

24. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција на кровна конструкција, санација на тоалети и простории во подрумски дел во ООУ „Мурат Лабуништи", село Лабуништа, Општина Струга, како и услуги за вршење на стручно-технички надзор врз реконструкција на кровна конструкција, санација на тоалети и простории во подрумски дел во ООУ „Мурат Лабуништи", село Лабуништа, Општина Струга

25. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција на училишен објект во ООУ Лирија, с.Житоше, Општина Долнени, како и услуги за вршење стручно-технички надзор врз реконструкција на училишен објект во ООУ Лирија, с.Житоше, Општина Долнени

26. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција на училишен објект во ООУ „Гоце Делчев", с.Василево, Општина Василево, како и услуги за вршење на стручно- технички надзор врз реконструкција на училишен објект во ООУ „Гоце Делчев", с.Василево, Општина Василево

27. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција на кров на ДМБУЦ „Илија Николовски - Луј", Град Скопје, како и услуги за вршење на стручно-технички надзор врз реконструкција на кров на ДМБУЦ „Илија Николовски - Луј", Град Скопје

28. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (за потребите на Општинското основно училиште „Гоце Делчев“, Кавадарци)

29. Кадровски прашања

30. Прашања и предлози

31. Информација за третото издание на Преспа форумот за дијалог „Проширено европско семејство до 2030: (не) возможна мисија?“, одржано на 15 и 16 јуни 2023 година, во Струга

32. Извештај за спроведување на Акцискиот план за приклучување на нови инспекторати (за период од 27 јануари 2023 година до 27 јули 2023 година)

33. Втор збирен извештај за постапувањето по Законот за заштита од пушењето за периодот јануари-јуни 2023 година

34.Информација за донесување на одлуки за давање на трајно користење на недвижна ствар на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, сопственост на Република Северна Македонија, со предлог-одлуки

35. Информација за статусот со реновирањето на објектот во Цирих на адреса: „Eidmattstrasse 33, CH-8032 Zurich“, добиен од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија во сопственост на Република Северна Македонија, за потреби на иден конзулат на Република Северна Македонија и потребата од измена на финансиската конструкција и динамиката на реализација на активноста, за која во почетокот на 2021 година беше добиена согласност за преземање на обврски, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години во програмите опфатени со развојниот дел на буџетот на Министерството за надворешни работи

36. Извештај за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на општините Делчево, Крива Паланка и дел од Општина Ранковце, с.Герман, заради справување со поплавите и последиците од нив, за период од25 јули 2023 година до 23 август 2023 година

37. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 14 септември 2023 година до 20 септември 2023 година

38. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 28 септември 2023 година до 4 октомври 2023 година

39. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 28 септември 2023 година до 5 октомври 2023 година

40. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 21 септември 2023 година до 27 септември2023 година

41. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 7 септември 2023 година до 13 септември2023 година

42. Барање од Државното правобранителство на Република Северна Македонија, ХП бр.2872/23 од 3.10.2023 година, по тужба од ЦЕ-ЗА-Р Центар за рециклажа ДОО Загреб, против тужениот Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД - Скопје и Република Северна Македонија

43. Информација со Предлог-одлука за пренесување право на сопственост на недвижна ствар сопственост на Република Северна Македонија на Акционерско друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје

44. Предлог-одлука за одобрување на работењето на Одборот на директори на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје

45. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за утврдување на максималниот износ на нето - задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2023 година

46. Предлог-решение за назначување на претседател, заменик-претседател, членови и заменици-членови на Меѓуресорското тело за координација на активностите за спроведување на Стратегијата за формализирање на неформалната економија 2023-2027 година, со Акциски план за периодот2023-2025 година

47. Извештај за извршени преговори и за потпишување на Договор за признавање на професионалните квалификации на медицинските сестри, докторите по ветеринарна медицина, фармацевтите и акушерките во контекст на Централноевропскиот договор за слободна трговија, со усогласен текст на Договор

48. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за начинот на пресметка на данокот на моторни возила и на износите потребни за пресметка на данокот на моторни возила

49. Информација за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.02/23 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука

50.Информација за спроведување на меѓународна вежба во проект HOPE - 101048502 - UCPM - 2021 - EX „Комплексно управување со земјотреси во ранливите области на Јужен Кавказ преку ефективно планирање,реакција и заеднички операции“ организирана во Ереван, Република Ерменија, од 9 до 13 октомври 2023 година, со Предлог-одлука

51. Предлог-одлука за давање на времено користење на недвижни ствари на Универзитетот во Тетово

52. Предлог-одлуказа утврдување на работите на премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија

53. Информација за платите на директорите во установите од областа на културата, со Предлог-одлука

54. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Здружението Центар за интеркултурен дијалог - Куманово

55. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност

56. Барањеза зголемување на основната главнина на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД - Скопје, во државна сопственост, во влог преку издавање на нови акции од трета емисија по пат на приватна понуда за подмирување на долг кон Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, со Предлог-одлука

57. Информација за севкупната состојбата на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - п.о. Скопје - вработувања и финансии

*

*        *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 187-та, 188-таи 192-та седница на Владата, одржани на 26 септември, 28 септември и 9октомври 2023 година.

*

*        *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

- **Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Кластер 5 - Ресурси, земјоделство и кохезија, Поглавје 33 Финансиски и буџетски одредби, со Предлог - листа и прилози**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Кластер 5 - Ресурси, земјоделство и кохезија, Поглавје 33 Финансиски и буџетски одредби, со

Предлог - листа и прилози, кој ќе се одржи на 20 октомври 2023 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди Листата на учесници за билатералниот скрининг за Поглавје 33 Финансиски и буџетски одредби.

2. Се задолжува Работната група за Поглавје 33 Финансиски и буџетски одредби при настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции согласно презентациите и насоките од Главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

- **Информација за подготовка на билатерален скрининг заПоглавје 11-Земјоделство и рурален развој од Кластер 5-Ресурси, земјоделство и кохезија, со прилози**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 11-Земјоделство и рурален развој од Кластер 5-Ресурси, земјоделство и кохезија, со прилози, ја усвои Информацијата и го задолжи Секретаријатот за европски прашања да ги достави презентациите до Европската комисија.

- **Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 13 - Рибарство од Кластер 5 - Ресурси, земјоделство и кохезија, што ќе се одржи на 26 и 27 октомври 2023 година во Брисел, со прилози**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 13 - Рибарство од Кластер 5 - Ресурси, земјоделство и кохезија, што ќе се одржи на 26 и 27 октомври 2023 година во Брисел, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди Листата на учесници за билатералниот скрининг.

2. Се задолжува Работната група за Поглавје 13 - Рибарство, при настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции согласно презентациите и насоките од главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

- **Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 19-Социјална политика и вработување од Кластер 3 - Конкурентност и инклузивен раст, со Нацрт -записник**

Владата ја разгледа Информацијата за одржан билатерален скрининг за Поглавје 19-Социјална политика и вработување од Кластер 3 - Конкурентност и инклузивен раст, со Нацрт -записник и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да достави превод на англиски јазик на Законот за работни односи и Законот за Европски работнички совет, до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 27 октомври 2023 година.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, преку Постојаната мисија при ЕУ во Брисел да ги достави Законот за работни односи и Законот за Европски работнички совет, на англиски јазик, до Европската комисија, најдоцна до 30 октомври 2023 година.

- **Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 25 Наука и истражување од Кластер 3 - Конкурентност и инклузивен раст, со прилог**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за одржан билатерален скрининг за Поглавје 25 Наука и истражување од Кластер 3 - Конкурентност и инклузивен раст, со прилог.

- **Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 26 Образование и култура од Кластер 3 - Конкурентност и инклузивен раст и преземени обврски**

Владата ја разгледа Информацијата за одржан билатерален скрининг за Поглавје 26 Образование и култура од Кластер 3 - Конкурентност и инклузивен раст и преземени обврски, ја усвои Информацијата и го задолжи Секретаријатот за европски прашања преку Постојната мисија при Европската Унија во Брисел, да ги достави одговорите на прашањата до Европската комисија.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Јавна здравствена установа Здравствен дом на Скопје - Скопје).

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад(ЈЗУ Институт за медицина на трудот на Република Северна Македонија).

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за Барање на согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на фотонапонски електроцентрали во ТИРЗ Скопје 1, ТИРЗ Скопје 2, ТИРЗ Штип, ТИРЗ Струмица,ТИРЗ Прилеп и ТИРЗ Струга бр.02-1409/5 од 3 октомври 2023 година и потребата од донесување на Одлука за престанување на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на фотонапонски електроцентрали во ТИРЗ Скопје 1, ТИРЗ Скопје 2, ТИРЗ Штип, ТИРЗ Струмица, ТИРЗ Гевгелија, ТИРЗ Прилеп и ТИРЗ Струга, објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.17/23, со предлог-одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за престанување на важење на Одлуката за давање согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на фотонапонски електроцентрали во Технолошко-индустриска развојна зона Скопје 1, Технолошко-индустриска развојна зона Скопје 2, Технолошко-индустриска развојна зона Штип, Технолошко-индустриска развојна зона Струмица, Технолошко-индустриска развојна зона Гевгелија, Технолошко-индустриска развојна зона Прилеп и Технолошко-индустриска развојна зона Струга.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на фотонапонски електроцентрали во

Технолошко-индустриска развојна зона Скопје 1, Технолошко-индустриска развојна зона Скопје 2, Технолошко-индустриска развојна зона Штип, Технолошко-индустриска развојна зона Струмица, Технолошко-индустриска развојна зона Прилеп и Технолошко-индустриска развојна зона Струга.

3. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економски ресори и инвестиции и Министерството за економија во рок од седум дена да достават до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони номинација на две лица (член и заменик-член) за формирање на Комисијата за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги Текнопанел ДОО Илинден со бр.13-1511/1 од 18.11.2022 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс - договорот бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги Текнопанел ДОО Илинден бр.13-1511/1 од 18.11.2022 година.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за Барање на согласност на Одлуката за поништување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на Технолошко-индустриска развојна зона Гевгелија бр.02-1409/3 од 3 октомври 2023 година и Барање на согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на ТИРЗ Гевгелија бр.02-1409/4 од 3 октомври 2023 година, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за поништување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на Технолошко-индустриска развојна зона Гевгелија.

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на Технолошко-индустриска развојна зона Гевгелија.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање (запишан во Имотен лист бр.16375, КП бр.2424 дел 23, КО Центар 2), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на одземен недвижен имот.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука (запишан во Имотен лист бр.16375, КП бр.2424 дел 23, КО Центар 2), ја усвоиИнформацијата и ја донесе Одлуката за продажба на одземен недвижен имот (запишан во Имотен лист бр.16375, КП бр.2424 дел 23, КО Центар 2).

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање (запишан во Имотен лист бр.16375, КП бр.2424 дел 23, КО Центар 2), со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на одземен недвижен имот.

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр.03-563/1).

**Точка 10**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА) (*), по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Магдалена Симоновска, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 11**

Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Предлогот на закон за административни службеници, по скратена постапка, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 12**

Владата, на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Предлогот на закон за вработените во јавниот сектор, по скратена постапка, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 13**

Владата ја донесе Програмата за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на казнено-поправните и воспитно-поправните установи за 2023 година.

**Точка 14**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/964 на Советот од 15 мај 2023 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/797 за рестриктивни мерки против сајбер напади кои претставуваат закана за Унијата или нејзините земји членки.

**Точка 15**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/1467 на Советот од 14 јули 2023 година за изменување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Сирија и Регулативата (ЕУ) 2023/1462 на Советот од 17 јули 2023 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 36/2012 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Сирија.

**Точка 16**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/1514на Советот од 20 јули 2023 година за ажурирање на списокот на лица, групи и субјекти кои подлежат на членовите 2, 3 и 4 од Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП за примената на посебни мерки за борба против тероризмот и за укинување на Одлуката (ЗНБП) 2023/422 и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/1505 на Советот од 20 јули 2023 година за спроведување на член 2 (3) од Регулативата (ЕЗ) бр. 2580/2001 за посебни рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти со цел борба против тероризмот и за укинување на Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/420.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на национални акциски планови за образование, вработување и социјална инклузија, домување, здравство, граѓанска регистрација, антициганизам и култура, со национални акциски планови и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ги прифати:
- Националниот акциски план за спроведување на Стратегијата за инклузија на Ромите 2023-2025, приоритетна област - образование;
- Националниот акциски план за спроведување на Стратегијата за инклузија на Ромите 2023-2025, приоритетна област - вработување и социјална инклузија;
- Националниот акциски план за спроведување на Стратегијата за инклузија на Ромите 2023-2025, приоритетна област - домување;
- Националниот акциски план за спроведување на Стратегијата за инклузија на Ромите 2023-2025, приоритетна област - здравство;
- Националниот акциски план за спроведување на Стратегијата за инклузија на Ромите 2023-2025, приоритетна област - граѓанска регистрација;
- Националниот акциски план за спроведување на Стратегијата за инклузија на Ромите 2023-2025, приоритетна област - антициганизам;
- Националниот акциски план за спроведување на Стратегијата за инклузија на Ромите 2023-2025, приоритетна област - култура, подготвени во согласност на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

2. Се задолжуваат Министерство за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство и Министерството за култура да ги координираат и имплементираат националните акциски планови за вработување и социјална инклузија, граѓанска регистрација, домување, здравство, образование, култура и антициганизам (меѓуресорна координација и имплементација) за период 2023-2025 во согласност со Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна групна јавна набавка за изградба на Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост во Општина Кавадарци и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2023 и наредните 2024 и 2025 година од буџетот на Министерството за труд и социјална политика за изградба на Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост во Општина Кавадарци во вкупна вредност од 42.576.829,84 со ДДВ за градежни работи и опрема со финансиско учество од буџетот на Министерство за труд и социјална политика, на Раздел 15001 во износ од 36.771.145,92 денари со ДДВ за градежни работи, со планирана динамика на плаќање и тоа:

- во 2023 година 865.610,17 денари без ДДВ, односно 1.021.420,00 денари со ДДВ, на сметка 637, програма 4А, расходна ставка 481,

- во 2024 година 21.385.559,32 денари без ДДВ, односно 25.234.960,00 денари со ДДВ, на сметка 637, програма 4А, расходна ставка 481 и

- во 2025 година 8.910.818,57 денари без ДДВ, односно 10.514.765,92 денари со ДДВ, на сметка 637, програма 4А, расходна ставка 481.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочната дополнителна арбитражна постапка по однос на раскинување на Договорот за изведба на градежни работи на Универзитетски клинички центар „Мајка Тереза“, Скопје бр. RHPI-II-ICB-002-16, со арх. бр. 20-74/34 од 19.5.2017 година, ја усвои и го задолжи Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори да го разгледа предметот No.27755/HBH Company for Construction BETON Joint Stock Company vs/ Ministry of Health of the Republic of North Macedonia и за истиот да подготви и до Владата да достави информација.

**Точка 20**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за проширување за дејноста на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Кичево за спроведување специјалистичко-консултативна здравствена заштита на секундарно ниво од обласа на медицината на трудот.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за доградба на училишен објект во ООУ Ацо Шопов, Општина Бутел, како и услуги за вршење на стручно-технички надзор врз доградба на училишен објект во ООУ Ацо Шопов, Општина Бутел и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2023 година и наредната 2024 година на Министерството за образование и наука за доградба на училишен објект во ООУ Ацо Шопов, Општина Бутел, во вкупна вредност од 28.525.299,00 денари со ДДВ и за надзор 713.133,00 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- за изградба 5.620.040,00 денари со ДДВ, а за надзор 140.501,00 денари со ДДВ во 2023 година и

- за изградба 22.905.259,00 денари со ДДВ, а за надзор 572.632,00 денари со ДДВ во 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука потребните средства да ги предвиди во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за доградба на ООУ Александар Урдаревски во Општина Чучер Сандево, како и услуги за вршење на стручно-технички надзор врз доградбата на ООУ Александар Урдаревски во Општина Чучер Сандево и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2023 и наредната 2024 година на Министерството за образование на наука за доградба на ООУ Александар Урдаревски, Општина Чучер Сандево, како и услуги за вршење на стручно-технички надзор врз доградбата на ООУ Александар Урдаревски, Општина Чучер Сандево, вкупна вредност од 3.736.894,00 денари со ДДВ за доградбата и 93,422,35 ден со ДДВ за услуги за вршење на стручно-технички надзор со динамика на плаќање и тоа:

- за доградба 1.000.000,00 денари со ДДВ во 2023 година, за надзор 25.000,00 денари со ДДВ во 2023 година и

- за доградба 2.736.894,00 денари со ДДВ во 2024 година, за надзор 68.422,35 денари со ДДВ во 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука потребните буџетски средства да ги утврди во рамките на обезбедените и планираните средства во соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за реконструкција на кровна конструкција на ООУ „Истикбал“, село Гајре, Општина Тетово, како и услуги за вршење на стручно-технички надзор врз реконструкција на кровна конструкција на ООУ „Истикбал“, село Гајре, Општина Тетово и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2023 година и наредната 2024 година на Министерството за образование и наука за реконструкција на кровна конструкција на ООУ „Истикбал“, село Гајре, Општина Тетово, во вкупна вредност од 5.000.000,00 денари со ДДВ и за надзор 125.000,00 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:
- за реконструкција 500.000,00 денари со ДДВ, а за надзор 12.500,00 денари со ДДВ во 2023 година и
- за реконструкција 4.500,000, 00 денари со ДДВ, а за надзор 112.500,00 денари со ДДВ во 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука потребните средства да ги предвиди во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција на кровна конструкција, санација на тоалети и простории во подрумски дел во ООУ „Мурат Лабуништи“, село Лабуништа, Општина Струга, како и услуги за вршење на стручно-технички надзор врз реконструкција на кровна конструкција, санација на тоалети и

простории во подрумски дел во ООУ „Мурат Лабуништи“, село Лабуништа, Општина Струга и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2023 и наредната 2024 година на Министерството за образование и наука, за реконструкција на кровна конструкција, санација на тоалети и простории во подрумски дел во ООУ „Мурат Лабуништи“, с.Лабуништа, Општина Струга, во вкупна вредност од 8.287.106,00 денари, со вклучен ДДВ и за надзор 207.178,00 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- за реконструкција 1.287.106,00 денари со вклучен ДДВ, а за надзор 32.178,00 денари, со вклучен ДДВ во 2023 година и

- за реконструкција 7.000.000,00 денари со вклучен ДДВ, а за надзор 175.000,00 денари, со вклучен ДДВ во 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**<u>Точка 25</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција на училишен објект во ООУ Лирија, с.Житоше, Општина Долнени, како и услуги за вршење стручно-технички надзор врз реконструкција на училишен објект во ООУ Лирија, с.Житоше, Општина Долнени и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2023 и наредната 2024 година на Министерството за образование и наука за реконструкција на училишен објект во ООУ Лирија, с. Житоше, Општина Долнени во вкупна вредност од 27.203.701,00 денари со ДДВ и за надзор 680.093,00 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- за реконструкција 1.000.000,00 денари со ДДВ, а за надзор 25.000,00 денари со ДДВ во 2023 година и
- за реконструкција 26.203.701,00 денари со ДДВ, а за надзор 655.093,00 денари со ДДВ во 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука потребните средства да ги предвиди во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**<u>Точка 26</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција на училишен објект во ООУ „Гоце Делчев“, с.Василево, Општина Василево, како и услуги за вршење на стручно- технички надзор врз реконструкција на училишен објект во ООУ „Гоце Делчев“, с.Василево, Општина Василево и ја усвои со следниве заклучоци:

1.Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2023 година и наредната 2024 година на Министерството за образование и наука за реконструкција на училишен објект во ООУ „Гоце Делчев“, с.Василево, Општина Василево во вкупна вредност

од 31.999.999,92 денари со ДДВ и за надзор 799.999,98 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- за реконструкција 500.000,00 денари со ДДВ, а за надзор 122.033,00 денари со ДДВ во 2023 година и

- за реконструкција 31.499.999,92 денари со ДДВ, а за надзор 677.966,98 денари со ДДВ во 2024 година.

2.Се задолжува Министерството за образование и наука потребните средства да ги предвиди во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција на кров на ДМБУЦ „Илија Николовски - Луј", Град Скопје, како и услуги за вршење на стручно-технички надзор врз реконструкција на кров на ДМБУЦ „Илија Николовски - Луј", Град Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2023 година и наредната 2024 година на Министерството за образование на наука за реконструкција на кров на ДМБУЦ „Илија Николовски - Луј", Град Скопје во вкупна вредност од 24.299.232,00 денари со ДДВ и за надзор 557.480,00 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- за реконструкција 5.088.844,00 денари со ДДВ, а за надзор 127.221,00 денари со ДДВ во 2023 година и
- за реконструкција 19.210.388,00 денари со ДДВ, а за надзор 430.259,00 денари со ДДВ во 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (за потребите на Општинското основно училиште „Гоце Делчев", Кавадарци).

**Точка 29**

Владата заклучи:

**1.** Владата го отповика Бесник Браими, од должноста член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Република Северна Македонија" во државна сопственост.

1.1 Владата ја избра Хатиџе Топали, за член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Република Северна Македонија" во државна сопственост.

**2.** Владата го разреши Горан Иванов, од должноста вршител на должност директор на Управата за финансиска полиција, орган во состав на Министерството за финансии.

2.1 Владата го именува Горан Иванов, за директор на Управата за финансиска полиција, орган во состав на Министерството за финансии, за период од четири години и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата и зголемување за 30% на платата утврдена за извршување на функцијата.

**3.** Владата го именува Малиќ Шемшедини, за вршител на должноста директор на Јавната установа Национален парк Пелистер - Битола, досегашен вршител на должноста директор на Установата.

**4.** Владата го разреши Ѓорѓи Петрушев, од должноста член на Советот за стручно образование и обука, претставник од Стопанската комора на Македонија, поради истек на мандатот.

4.1 Владата го именува м-р Михајло Донев, за член на Советот за стручно образование и обука, претставник од Стопанската комора на Македонија.

**5.** Владата ја разреши Александра Анѓелковска, од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово - стручен работник од Центарот за социјална работа, поради судир на интереси.

5.1 Владата го именува Слободан Ѓорѓевски, за член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово - стручен работник од Центарот за социјална работа.

**6.** Владата го разреши Ацо Јовановски, од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Крива Паланка, стручен работник од Центарот за социјална работа, поради заминување во пензија.

6.1 Владата ја именува Александра Стојановска, за член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Крива Паланка, стручен работник од Центарот за социјална работа.

**7.** Владата го разреши Асип Феризи, од должноста член на Управниот одбор на Централниот регистар на Република Северна Македонија, на негово барање, поради судир на интереси.

7.1 Владата го именува Љутфи Ајет, за член на Управниот одбор на Централниот регистар на Република Северна Македонија.

**8.** Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавната установа Национален парк Пелистер - Битола, да распише јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Јавната установа Национален парк Пелистер -Битола.

**9.** Владата ги симна од Дневен ред Предлогот бр.6 - Марјан Кицев да го разреши од должноста член на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија Ц.О. Скопје, а за член на Управен одбор да го именува Игор Китаноски, претседател на АГРО Синдикат членка на Сојуз на синдикатите на Македонија, претставник од репрезентативниот синдикат член на Економско-социјалниот совет и Предлогот бр.7 - Љубиша Каранфиловски, да го разреши од должноста член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, а за член да го именува Трпе

Деаноски, претседател на Синдикатот на УПОЗ членка на Сојуз на синдикатите на Македонија, претставник од Сојуз на синдикатите на Македонија.

**Точка 30**

**1.** Владата го разгледа Барањето на согласност за отпочнување на постапка за јавна набавка на училишен мебел, доставено од СУГС Гимназија „Раде Јовчевски - Корчагин“-Скопје и даде согласност на истото.

**2.** Владата во врска со состојбите во високото образование во Република Северна Македонија, ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжува Министерството за образование и наука, до крајот на 2023 година, да изврши скрининг на сите високообразовни институции и да ја информира Владата за состојбите во врска со имплементација на Законот за високото образование од страна на високообразовните институции.

2) Се задолжува Министерството за образование и наука, во соработка со Агенцијата за квалитет во високото образование да подготви извештај за тоа колку студиски програми се акредитирани и имаат дозвола за работа од Агенцијата за квалитет во високото образование и колку студиски програми не се функционални или имаат мал број на студенти и истиот во рок од 30 дена да го достави до Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој на Владата на Република Северна Македонија.

3) Се задолжува Министерството за образование и наука, Програмата за научно-истражувачката дејност за 2024 година во делот на „Стипендии за млади научно-истражувачки кадри на прв, втор и трет циклус во земјата и странство“ да ја насочи во функција на јавниот интерес, согласно потребата на пазарот на трудот.

Истовремено, Владата заклучи да се преземат конкретни чекори за зајакнување на капацитетот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со оглед дека сегашниот капацитет е надвор од стандардите и е невозможно нејзиното функционирање.

4) Се препорачува на Интеруниверзитетската конференција, да формира инклузивна работна група, која ќе дискутира за сите забелешки за состојбите во високото образование, од која ќе произлезат предлози за изменувања на законите и подзаконските акти и истите во рок од еден месец да ги достави до Министерството за образование и наука (со препорака да се утврдат строги критериуми за квалитетот на високото образование, во делот на упис на високообразовните институции, начинот на оценување и слично).

5) Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, во соработка со Министерството за образование и наука и Министерството за информатичко општество и администрација да формира работна група, која ќе ги определи начините, критериумите и висината на износите за финансирање на научно-истражувачката дејност.

6) Се задолжува Министерството за образование и наука, во соработка со Министерството за финансии во рамките на буџетот на Министерството за образование и наука за 2024 година да обезбеди средства, со кои ќе се овозможи националното рангирање на универзитетите.

**3.** Владата го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, да формира работна група за организирање на Македонска вечер на Саемот Опен Балкан Винска визија во Белград, Република Србија, составена од претставници на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за надворешни работи и Службата за општи и

заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, кои во рок од три дена до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да достават номинации.

**4.** Владата формира Работна група во состав: Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, која во рок од седум дена да подготви и до Владата да достави предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката.

**5.** Владата го разгледа Одговорот на Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство, во врска со преземените активности согласно Извадокот од Нацрт - записникот од Сто дваесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 февруари 2023 година, како материјал за информирање.

**6.** Владата по повод учеството на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски, на самитот за Берлински процес 2023, Самит на Западен Балкан, предвиден да се одржи на 16 октомври 2023 година во Тирана, Република Албанија, ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да ја информира Службата за општи и заеднички работи на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата Република Северна Македонија, за бројката на претставниците на медиумите кои ќе патуваат во Тирана, Република Албанија.

2) Се задолжуваат Службата за општи и заеднички работи на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат Владата на Република Северна Македонија, да ги поделат меѓусебно трошоците за превоз и сместување на претставниците на медиумите кои ќе патуваат и ќе присуствуваат на самитот за Берлински процес 2023, Самит на Западен Балкан, во Тирана, Република Албанија.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за третото издание на Преспа форумот за дијалог „Проширено европско семејство до 2030: (не) возможна мисија?“, одржан на 15 и 16 јуни 2023 година, во Струга, како материјал за информирање.

**Точка 32**

Владата го разгледа Извештајот за спроведување на Акцискиот план за приклучување на нови инспекторати (за период од 27 јануари 2023 година до 27 јули 2023 година), како материјал за информирање.

**Точка 33**

Владата го разгледа Вториот збирен извештај за постапувањето по Законот за заштита од пушењето за периодот јануари-јуни 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на одлуки за давање на трајно користење на недвижна ствар на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна

сопственост-Скопје, сопственост на Република Северна Македонија, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

- Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје (Гостивар -1; површина 118,00 м²).

- Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје (Гостивар -1; површина 28,00 м²).

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот со реновирањето на објектот во Цирих на адреса: „Eidmattstrasse 33, CH-8032 Zurich“, добиен од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија во сопственост на Република Северна Македонија, за потреби на иден конзулат на Република Северна Македонија и потребата од измена на финансиската конструкција и динамиката на реализација на активноста, за која во почетокот на 2021 година беше добиена согласност за преземање на обврски, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години во програмите опфатени со развојниот дел на буџетот на Министерството за надворешни работи и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерството за финансии за преземање обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за надворешни работи, за реновирање на објектот во Цирих на адреса: „Eidmattstrasse 33, CH-8032 Zurich“, добиен од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија во сопственост на Република Северна Македонија, и тоа:

- 2023 година - 24.000.000 денари од сметка 637-расходи од основен буџет во 2023 година и
- 2024 година - 37.200.000 денари од сметка 637-расходи од основен буџет во 2024 година.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ги предвиди потребните финансиски средства во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а се задолжува Министерството за финансии да ги има предвид истите за соодветната фискална година во буџетот на Министерството за надворешни работи.

**Точка 36**

Владата го разгледа и го прифати Извештајот за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на општините Делчево, Крива Паланка и дел од Општина Ранковце, с.Герман, заради справување со поплавите и последиците од нив, за период од 25 јули 2023 година до 23 август 2023 година и согласно член 31, став 3 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 37**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради

заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 14 септември 2023 година до 20 септември 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 38**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 28 септември 2023 година до 4 октомври 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 39**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 28 септември 2023 година до 5 октомври 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 40**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 21 септември 2023 година до 27 септември 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 41**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од

негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 7 септември 2023 година до 13 септември 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 42**

Владата го разгледа Барањето од Државното правобранителство на Република Северна Македонија, ХП бр.2872/23 од 3.10.2023 година, по тужба од ЦЕ-ЗА-Р Центар за рециклажа ДОО Загреб, против тужениот Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД - Скопје и Република Северна Македонија и по Барањето ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД - Скопје во рок од три дена до Владата и до Државното правобранителство на Република Северна Македонија да достави информација за преземените мерки и активности по однос на тужбеното барање за долг во вредност од 24.731.468 евра кон ЦЕ-ЗА-Р Центар за рециклажа ДОО Загреб.

2. Се задолжува Министерството за финансии во рок од три дена да ги информира Владата и Државното правобранителство на Република Северна Македонија дали е склучен извесен договор за гаранција помеѓу Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии и Меѓународното здружение за железници УИЦ.

3. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД - Скопје и Државното правобранителство на Република Северна Македонија да ги утврди правните аспекти, да го провери основот и евентуална застареност на долгот што е предмет на спорот и обврската за постапување по тужбеното барање, како и дали е предвидена/прифатена обврската во билансите на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД - Скопје.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог - одлука за пренесување право на сопственост на недвижна ствар сопственост на Република Северна Македонија на Акционерско друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за пренесување во сопственост недвижна ствар на Акционерско друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

2. Се препорачува на Акционерско друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје да воспостави соработка со Општина Струга, во врска со користењето на базенот.

**Точка 44**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Одборот на директори на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на максималниот износ на нето - задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на

домашниот финансиски пазар во 2023 година и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 46**

Владата го донесе Решението за назначување на претседател, заменик-претседател, членови и заменици-членови на Меѓуресорското тело за координација на активностите за спроведување на Стратегијата за формализирање на неформалната економија 2023-2027 година, со Акциски план за периодот 2023-2025 година.

**Точка 47**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори и за потпишување на Договор за признавање на професионалните квалификации на медицинските сестри, докторите по ветеринарна медицина, фармацевтите и акушерките во контекст на Централноевропскиот договор за слободна трговија, со усогласен текст на Договор и ги донесе следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Го усвои Извештајот за извршени преговори и за потпишување на Договор за признавање на професионалните квалификации на медицинските сестри, докторите по ветеринарна медицина, фармацевтите и акушерките во контекст на Централноевропскиот договор за слободна трговија.

2. Го прифати усогласениот текст на Договорот за признавање на професионалните квалификации на медицинските сестри, докторите по ветеринарна медицина, фармацевтите и акушерките во контекст на Централноевропскиот договорот за слободна трговска.

**Точка 48**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - уредбата за изменување на Уредбата за начинот на пресметка на данокот на моторни возила и на износите потребни за пресметка на данокот на моторни возила, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за економија да ја разгледа можноста од 1.1.2024 година да се зголеми стандардот при увоз на моторни возила од ЕУРО 4 на ЕУРО 5.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.02/23 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност на Јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на меѓународна вежба во проект HOPE - 101048502 - UCPM - 2021 - EX „Комплексно управување со земјотреси во ранливите области на Јужен Кавказ преку ефективно планирање,реакција и заеднички операции" организирана во Ереван, Република Ерменија, од 9 до 13 октомври 2023 година, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката, со заклучок предлагачот истата да ја усогласи со Министерството за одбрана и Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, по однос на Одлуката, д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија гласаше „против", додека м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, се огради, односно гласаше „воздржано".

**Точка 51**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за давање на времено користење на недвижни ствари на Универзитетот во Тетово за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за финансии, Секретаријатот за законодавство и Агенцијата за катастар на недвижности да достават мислење по истата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 52**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за утврдување на работите на премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија, поради потребата предлагачот да обезбеди мислења од надлежните институции по материјалот.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за платите на директорите во установите од областа на културата, со Предлог-одлука и ја усвои, со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на коефициентите и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата.

2. Се препорачува на сите единици на локалната самоуправа, коефициентите за платите на директорите во локалните установи од областа на културата, да се групираат по групи и тоа:
- локални установи со број на вработени до 15 лица-коефициентот за основната бруто плата да изнесува 2,9569, со вредност на коефициентот од 28.600 денари.
- локални установи со број на вработени до 20 лица-коефициентот за основната бруто плата да изнесува 3,2006, со вредност на коефициентот од 26.620 денари.
- локални установи со број на вработени над 20 лица-коефициентот за основната бруто плата да изнесува 3,5661, со вредност на коефициентот од 24.985 денари.

**Точка 54**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Здружението Центар за интеркултурен дијалог - Куманово.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност, со заклучок текстот на истата да се усогласи со забелешките изнесени од министерот за економија и укажувањата од министерот за одбрана, согласно расправата на седницата.

**Точка 56**

Владата го разгледа Барањето за зголемување на основната главнина на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД - Скопје, во државна сопственост, во влог преку издавање на нови акции од трета емисија по пат на приватна понуда за подмирување на долг кон Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, со Предлог - одлука, го прифати Барањето и ја донесе Одлуката, со заклучок предлагачот истата да ја усогласи со Министерството за транспорт и врски и Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, се укажува на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД - Скопје, во однос на повлекувањето на средствата од сметка, да се координира со Министерството за финансии и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата за севкупната состојбата на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - п.о. Скопје - вработувања и финансии и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - п.о. Скопје да подготви нов план за вработување за 2023 година, согласно усвоената Информацијата за севкупната состојба на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - п.о. Скопје - вработувања и финансии.

2. Се задолжува Министерство за финансии да го разгледа планот за вработување за 2023 година од Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - п.о. Скопје и доколку утврди забелешки да ги усогласи со Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - п.о. Скопје и да даде согласност на истиот во најкраток можен рок.

Истовремено, Владата ги задолжи Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - п.о. Скопје и Министерството за финансии да ги разгледаат финансиските перформанси и да ја утврдат потребата и начинот на добивање на помош во потребниот износ кој ќе биде усогласен помеѓу Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - п.о. Скопје и Министерството за финансии.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:30 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Претседател на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|
| **м-р Методија Димовски** | **д-р Димитар Ковачевски** |